Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Комисија за заштита на конкуренцијата
Komisioni për Mbrojtjen e Konkurrencës
Комисија за одлучување по прекршок
Komisioni për Vendimmarrje për Kundërvajtje
Скопје-Shkup
Примено: 18.05.2026
09-8/20

УПРК.бр.44/2025
УПРК.бр.45/2025
УПРК.бр.46/2025
УПРК.бр.47/2025
УПРК.бр.48/2025
УПРК.бр.49/2025
УПРК.бр.52/2025
УПРК.бр.53/2025
УПРК.бр.54/2025
УПРК.бр.56/2025

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите Габријела Михајловска - претседател на советот, Лулзим Салиу и Александар Чичаковски – членови на советот, со записничар Весна Трајковска - виш судски референт, постапувајќи по тужбите на тужителите Акционерско друштво ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ Скопје поднесена преку полномошник Ана Пепељугоска Стојкоска адвокат од Скопје од Адвокатско друштво Пепељугоски, Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје-Виена Иншуренс Груп поднесена преку Полномошник Валентин Пепељуговски адвокат од Адвокатско друштво Пепељугоски, Национална групација за осигурување АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА - Скопје поднесена преку Полномошник Валентин Пепељуговски адвокат во Адвокатско друштво Пепељугоски, САВА осигурување А.Д.Скопје поднесена преку полномошник Адвокатско друштво Никола Додевски од Скопје,ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје поднесена преку Полномошник Адвокатско друштво Апостолски од Скопје, Друштво за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ А.Д Скопје од Скопје поднесена преку Адвокатско друштво Никола Додевски од Скопје, Акционерско друштво за осигурување ЕУРОЛИНК Скопје поднесена преку Полномошник Адвокатско друштво Георги Димитров Адвокати од Скопје, КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ АД - Друштво за неживотно осигурување Скопје поднесена преку Полномошник Адвокатско друштво Поповски и Партнери од Скопје, Друштво за осигурување УНИКА А.Д. Скопје, поднесена преку полномошник Влатко Десподовски адвокат од Скопје, Акционерско друштво за осигурување ГРАВЕ НЕЖИВОТ Скопје поднесена преку Полномошник Филип Видески адвокат од Скопје против Решение на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата број 09-48/77 од 3.12.2025 година, вредност на спорот 1.034.714,00 денари, на јавните расправи одржани на ден 23.03.2026 година, на ден 30.03.2026 година и на ден 8.04.2026 година, во присуство на полномошниците на тужителите и во присуство на претставници на тужениот орган на ден 20.04.2026 година, донесе и јавно објави:

# П Р Е С У Д А

Тужбите на тужителите Акционерско друштво ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ Скопје, Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје-Виена Иншуренс Груп, Национална групација за осигурување АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА - Скопје од Скопје, САВА осигурување А.Д.Скопје, од Скопје, ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје од Скопје, Друштво за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ А.Д Скопје од Скопје, Акционерско друштво за осигурување

ЕУРОЛИНК Скопје од Скопје, КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ АД - Друштво за неживотно осигурување Скопје од Скопје, Друштво за осигурување УНИКА А.Д. Скопје и Акционерско друштво за осигурување ГРАВЕ НЕЖИВОТ Скопје против Решение на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата број 09-48/77 од 3.12.2025 година, СЕ ОДБИВААТ КАКО НЕОСНОВАНИ.

Р Е Ш Е Н И Е

Барањата на тужителите за надомест на трошоци по постапката, СЕ ОДБИВААТ КАКО НЕОСНОВАНИ.

Секоја странка ги сноси своите трошоци по постапката.

О б р а з л о ж е н и е

Со решението означено во изреката на пресудата под точка 1 се утврдува дека Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп, Триглав ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје, САВА осигурување а.д.Скопје, Акционерско друштво ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ Скопје, Акционерско друштво за осигурување ЕУРОЛИНК Скопје, Акционерско друштво за осигурување ГРАВЕ НЕЖИВОТ Скопје, Друштво за осигурување УНИКА А.Д.Скопје, Национална групација за осигурување АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА - Скопје од Скопје, Друштво за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ А.Д.Скопје и КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ А.Д.-Друштво за неживотно осигурување Скопје, кои како меѓусебни конкуренти делуваат на релевантниот пазар на пазарот за осигурување од автомобилска одговорност за штети предизвикани на трети лица, во периодот од 1.03.2024 година до 7.05.2024 година учествувале во забранет договор и/или усогласено однесување - картел, кој имал за цел нарушување на конкуренцијата спротивно на член 7 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, што претставува прекршок од член 59 став 1 точка 1 од Законот, на начин што преку меѓусебна комуникација и координација во ист период донеле одлуки за измена/зголемување на делот на премијата за вршење дејност осигурување на сопствениците на моторни возила од одговорност за штети предизвикани на трети лица-(режиски додаток), со што намерно ја замениле состојбата на непречена конкуренција на релевантниот пазар со состојба напрактична соработка. Во точка 2 од диспозитивот на оспореното решение, за сторениот прекршок од точка 1 на сторителите им се изрекуваат санкции- глоба во поединечни износи што претставува процентуален износ од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во 2024 година, како последна деловна година за која

претпријатијата имаат составена годишна сметка. Во точка 3 од диспозитивот е определено дека глобата од точка 2 од диспозитивот на решението, сторителите се должни да ја платат во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението. Во точка 4 од диспозитивот е определено дека тужбата го одлага извршувањето на решението.

Незадоволни од вака донесеното решение тужителите со посебни тужби за управен спор го оспорија решението по сите основи, со предлог Судот тужбите да ги уважи и да го поништи оспореното решение односно да се поништи решението на тужениот орган и да се одлучи на начин што ќе се утврди дека не е сторен прекршок согласно Законот за заштита на конкуренцијата. Со тужбите побараа и трошоци по постапката.

Постапувајќи по барањето на Судот, тужениот орган достави одговори на тужбите и ги достави списите по предметот.

Во одговорите на поднесените тужби тужениот орган ги побива тужбените наводи како неосновани и непоткрепени со релевантни докази и предлага Управниот суд да донесе пресуда со која тужбите се одбиваат како неосновани.

Имајќи го во предвид фактот дека во сите тужби се оспорува еден ист управен акт – Решение на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата број 09-48/77 од 3.12.2025 година Судот согласно одредбата од член 14 од Законот за управните спорови, а в.в. со одредбата од член 299 од Законот за парничната постапка одлучи постапките по тужбите да ги спои и во иднина по истите да се води една единствена постапка.

Управниот суд утврди дека тужбите се изјавени во законски определениот рок и дека истите се дозволени, па откако оцени дека се исполнети законските услови за водење на управен спор, за ден 23.03.2026, 30.03.2026 година и 08.04.2026 година, закажа и одржа усни јавни расправи, во присуство на полномошниците на тужителите и претставници на тужениот орган Борче Размоски, Јане Ќука и Надица Четорошка сите од Скопје.

На расправата полномошникот на тужителот ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ Скопје адвокат Ана Пепељугоска Стојкоска од Скопје изјави: останувам во целост кон наводите изнесени во тужбата и сакам да потенцирам неколку клучни елементи кои што судот треба да ги има во предвид при донесување на одлука а кои се во насока на воедночено постапување на судот при предмети каде тужен орган е Комисијата за заштита на конкуренција. Имено во своето постапување па и во сега

побиваното решение тужениот орган се повикува на правото на дискреционо одлучување кое право согласно пресудите на овој суд УПР. бр.4042/12 и 4074/12 не значи дека КЗК може да одлучува по слободно видување туку истото мора да биде во согласност со законската регулатива и прибавените докази, па така КЗК морала во овој предмет да закаже и одржи усна јавна расправа со цел правилно утврдување на фактичката состојба. Дополнително злоупотребата на слободно дискреционо овластување на КЗК е евидентно и во тоа што КЗК пропуштило да спроведе постапка за порамнување а кое нешто согласно пресудата на овој суд УПРК бр.4/17 е неспорна суштинска повреда на одредбите на постапката. Во однос на погрешно утврдената фактичка сосотјба сакам да потенцирам дека КЗК погршено го има утврдено релевантиниот пазар односно неговите карактеристики притоа не земајќи го во вид однредбите од Законот за задолжително осигурување во сообраќајот ( член 51 став 1) пропуштила да ги утврди уделите на учесницие на релевантитеот пазар и погрешно го утврдила периодот на траење на наводната повреда односно не земала во вид дека постојат разлики во процентите на зголемување на премијата од страна на тужиелот и останатие осигурителни друштва предмет на сега побиваното решение. Конечно КЗК погрешно го применила и материјалното право на штета на тужителот на начин што при одмерување на глобата не го земала во вид фактот дека тужителот активно соработувал во текот на целата постапка што претставува основа за намалување на глобата и до 20%.

Полномошникот на тужителот Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје-Виена Иншуренс Груп од Скопје, Валентин Пепељуговски адвокат од Скопје изјави: Останувам во се како во тужбата и сметам дека истата е основана бидејќи тужниот направил суштествена повреда на одредбите на постапката, погршено и нецелосно ја утврдил фактичката сотојба и погрешно го применил материјалното право на штета на тужителот. Тужениот не спровел постапка на порамнување што претставува повреда на постапка од причина што Законот за прекршоци се однесува и на предметите од овластена конкуренција. Истото е потврдено и со судска пракса на овој суд одлука УПРК. бр.4/17. Исто така тужениот орган не закажал јавна расправа на тој начин е повредено правилото на еднаквост на оружјата. Ова е исто така санкцинирано и со пресуда на овој суд УПР. бр.4042/12 и 4074/12. Во решението за кое се бара поништување не се наведени воопшто олеснителни околности за евентуално сторената повреда а има голем број на олеснителни околности кои што треба да се ценат при одмерување на казната тргнувајќи од времетраењето на повредата, соработката во текот на траењето на целата постапка. исто така погршено е утврдено времетраењето на повредата бидејќи евентуално траење на повредата е не подолго од 15 дена, не се земени карактеристиките на пазарот кој е регулиран пазар и фактот дека сите осигурителни друштва согласно Законот за автоодговорност во сообраќајот имаат формирано

Национално биро за осигурување кое биро ги информира сите членки за измените во тарифите не наведувајќи притоа који субјект го направил тоа туку само ги информира за висината на промената. Не е дефиниран односно погрешно е дефиниран релевантниот пазар.

Полномошникот на тужителот Национална групација за осигурување АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА - Скопје, Валентин Пепељуговски адвокат од Скопје изјави: Останувам во се како во тужбата и сметам дека истата е основана бидејќи тужниот направил суштествена повреда на одредбите на постапката, погршено и нецелосно ја утврдил фактичката сотојба и погрешно го применил материјалното право на штета на тужителот. Туженіот не спровел постапка на порамнување што претставува повреда на постапка од причина што Законот за прекршоци се однесува и на предметите од овластена конкуренција. Истото е потврдено и со судска пракса на овој суд одлука УПРК. бр.4/17. Исто така тужениот орган не закажал јавна расправа на тој начин е повредено правилото на еднаквост на оружјата. Ова е исто така санкцинирано и со пресуда на овој суд УПР. бр.4042/12 и 4074/12. Во решението за кое се бара понуштување не се наведени воопшто олеснителни околности за евентувално сторената повреда а има голем број на олеснителни околности кои што треба да се ценат при одмерување на казната тргнувајќи од времетраењето на повредата, соработката во текот на траењето на целата постапка. исто така погршено е утврдено времетраењето на повредата бидејќи евентуално траење на повредата е не подолго од 15 дена, не се земени карактеристиките на пазарот кој е регулиран пазар и фактот дека сите осигурителни друштва согласно Законот за автоодговорност во сообраќајот имаат формирано Национално биро за осигурување кое биро ги информира сите членки за измените во тарифите не наведувајќи притоа кој субјект го направил тоа туку само ги информира за висината на промената. Не е дефиниран односно погрешно е дефиниран релевантниот пазар.Тужениот орган немал во вид дека тужителот не е член на Стопанската Комора на Македонија и не враќал на никаква комуникација која била доставувана до него. Од друга страна на тужителот не му е дадена на увид документација и доказите кои се прибавени со рација кај два субјекти сега тужители да се изјасни по истите и да утврди дали се работи за вистинити докази.

Полномошникот на тужителот САВА осигурување А.Д.Скопје, Елена Трајковска Манчевски адвокат од Скопје изјави: останувам кон тужбата и кон тужбеното барање. Што се однесува до наводите во одговор на тужба се произнесувам: КЗК паушално тврди дака фактичката состојба е правилно утврдена без притоа да даде конкретен одговор на она што е суштинско односно КЗК никако не ја утврдува состојбата на пазарот пред зголемувањето на цените односно не утврдува дали претходно постоела непречена конкуренција. Ова е суштествено за да се докаже дека усогласенот однесување ( член 5 алинеа 12 од ЗЗК ) намерно ја заменило состојбата на непречена

конкуренција. Оттука произлегува дека доколку пазарот веќе бил неконкурентен со унифицирани цени тогаш основниот предуслов за прекршок не е исполнет. КЗК тврди дека режискиот додаток е предмет на конкуренција занемарувајќи го фактот дека и овој додаток иако не е фиксен истиот е органичен. Ова значително го ограничува просторот за винстинска ценовна конкуренција правејќи го овој пазар суштински различен од целосно слободен пазар. При одлучувањето Судот да го има предвид Законот за задолжително осогурување во сообраќајот согласно кој на овој конкретен пазар надзор имаат Агенцијата за супервизија на осигурувањето и Комисијата за осигурување од автомобилска одговорност и овие регулаторни тела не само што дозволуваат дури и поттикнуваат кординација и размена на информации на кој начин строгата примена на ЗЗК во конкретниот случај е несоодветна. При одучувањето судот да има предвид дека тужениот орган несоодветно го утврдил времетраењето на прекршокот а доколку утврди дека евентуално е сторен прекршок почетокот на истиот треба да се смета од моментот на фактичкото пазарно влијание а не од размена на информации која е дел од редовното работење на друштвата.

Полномопшникот на тужителот ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје од Скопје, Кирил Стојановски адвокат од адвокатско друштво Апостолски Скопје изјави: Формално остануваме кон наводите во тужбата и барањето за поништување на предметото решение кое за овој тужител е незаконито бидејќи КЗК поаѓа од погршена премиса дека станува збор за ограничување на конкуренција по цел што имплицира дека според нив не постои обврска за детална економска пазарна анализа односно докажување на конкретни пазарни ефекти за предметниот режиски додаток. Во таа смисла истакнуваме дека овој суд потребно е да ја анализира европската Судска пракса цитирана детално во тужбата особено во насока дека штетното однесување односно ограничувањето по цел според оваа пракса не може апстрактно да се поставува како во конкретниот случај туку мора да има анализа на конкретен економски и правен контекст што во случајот отсуствува. Во таа смисла клучните аргументи за судот во рагледувањето треба да бидат во насока на тоа дека прво има погрешна квалификација на разменетите информации па во случајот не е докажано дека има размена на чувствителни информации, комерцијални намери, податоци што влијаат на одлуки бидејќи станува збор за административни известувања кои не се чувствителни. Второ КЗК нема утврдено антиконкурентски елемент затоа што нема размена ниту на едни проценти ниту на едни тарифи, не го објаснува ефектот алтернативите и економската анализа за влијанието врз пазарот а при одлучувањето судот да има во предвид според цитираната Европска судска пракса комуникацијата во рамките на здружение како во конкретниот случај е дозволена ако не се однеува на цени како и дека постои погрешно толкување на паралелното однесување бидејќи постои јасна регулаторна причина која што е детално цитирана и образложена со тужбата.

Полномошникот на тужителот ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје, Никола Додевски адвокат од Скопје изјави: останувам во целост при тужбата за поведување на управен спор и сите детално дадени наводи но денес би сакал да потенцирам одредени суштествени причини заради кои што сметаме дека утуженото решение во никој случај не може да опстане и одредени поенти дадени во одговорот на тужба кои што според наше уверување уште повеќе го зацврстуваат заклучокот дека доносителот на решението постапил незаконски. Најпрво од аспект на тоа кој орган го донел решението должни сме да нагласиме дека во истот е направено целосна конфузија и со тоа нејасност на решението кое само по себе како суштествена повреда има за последица ништовност на решението. Имено, не е јасно кој орган го донел ова решение а тоа лесно се утврдува кога во уводот на решението стои дека е донесено од Комисија за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата. Таков орган во Законот не постои. Согласно член 30 став 1 од Законот предвидено е дека за прекшоците определени со Законот за прекршочна постапка пред Комисијата за заштита на Комисијата, води и прекршочна санкција изрекува Комисијата за одлучување по прекршок, никаква Комисија при Комисија. Да биде поголема конфузијата во истото тоа решение во кое во уводот стои дека доносителот е Комисија при Комисија во потписниот дел е наведено дека Одлуката ја донеле Комисија за заштита на конкуренцијата и Комисија за одлучување по прекршок. Тоа е доволно за овој суд дури и без никакво натамошно расправање да го поништи решението и мериторно да одлучи бидејќи решението не е донесено од орган предвиден со Законот и не може да се протолкува од кого е донесено. Одговорот на овие наводи повторно потпишан од две Комисии се сведува на напад на овој навод затоа што тужителот го оспорувал правниот статус на Комисијата а тој бил утврден со императивни Законски одредби а таквото оспорување би довело до правна несигурност и повреда на принципот на владење на правото па тужителот токму се повикува на императивните Законски одредби кои Комисија во Комисија и не предвидуваат. Мора да се потенцира дека во ова решение како ретко кој правен акт кој што сме го сретнале и во правната практика во овој суд се дава опис на прекршок во кој што е наведено „Учествувале во забранет договор/ или усогласено однесување - картел. Нема правник кој што може да разбере што сакал да каже авторот и тоа дали осигурителните компании учествувале во забранет договор склучен меѓу претпријатија, дали учествувале во забранет договор и истовремено усогласено однесување - картел или пак Управниот суд е тој што треба да направи избор затоа што доносителот на решението - не знаеме кој е, не го определил видот не го ставил или тоа или тоа. Ќе направам една компарација токму заради владеење на правото тоа е исто како да добиете обвинение против некој што некого убил а како обвинител ќе напишете дека со тоа сторил убиство или / убиство на миг. Правно, прилично и несериозно и овој суд ваква несериозност не може да дозволи и е должен таквата одлука да ја поништи. Доносителот на Решението излегол од описот кој ЗЗК го дава во

член 7 став 1 точка 1 на кој што и се повикува до носителот затоа што во оваа законска одредба се јасно наброени посебни Законски основи и тоа забранети договори, одлуки и усогласено однесување. Во одговорот на подносителот на одговорот е наведено дека не постоело обврска КОП механички да го репродуцира текстот на Законската одредба туку бил должен да ја утврдува суштината на забрането однесување или со други зборови на КОП не му е битен Законот туку тој ќе си прави комбинации на Законот како што тоа е објаснето во Законот и во точката 4 и 5 од нашата тужба и повторно одговорот на нашите тврдења во тужбата во однос на нејасноста на описот на прекшокот и на комбинирање на различни делови од Законот во една измислена формулација на прекршок која Законот не ја познава претставувало формалистички приговор кој што замислете бил без влијание за законитоста на оспореното Решение. Или сублимирано на доносителот на решението и на давателот на одговорот кој што во текстот е потпишан од две комисии а во содржината на одговорот се образлага дека КОП не бил врзан со тие приговори всушност му е важно само по секоја цена да се даде некакво образложение за да опстане прекршокот. Во однос на наводот од точка 6 од тужбата а имено дека од 2008 до 2024 година, на пазарот овие услуги се нуделе под буквално идентични цени добивме одговор дека тоа исто не било битно и дека тоа не влијаело на постоење на прекршокот но ниту еден збор нема во одговорот дека суштината на овој навод во тужбата е дека не може да стане збор за заменета состојба на непречена конкуренција како што тоа утврдува доносителот на решението затоа што 16 години таа таканаречена непречена конкуренција била нудење на таа иста услуга по иста цена па се поставува прашање што замениле осигурителните комании. За доносителот на решението може да извлечеме заклучок дека кога се работи за исти цени има конкуренција а кога се зборува како што утврдува во фактите за зголемување на цената без ниту еден збор за фиксирање на цената има повреда на конкуренцијата. Го молам судот ваков правен волунтаризам со својата одлука да не дозволи.

Полномошникот на тужителот АД за осугурување ЕУРОЛИНК Скопје адвокат Катарина Гиноска изјави: Остануваме кон тужбата, тужбеното барање и поднесокот кон одговорот на тужба. Со оглед дека постапките по сите тужби против оваа решение се споени го задржувам правото да бидеме известени по однос наводите на останатите учесници во оваа споена постапка. Само накратко ќе ги сумирам главните поенти од одговорот на тужба. Прво формално со оглед дека тужениот орган наведува дека постапката е иницирана од страна на Министерството за финансии а тужениот орган не постапил согласно член 32 став 1 и 2 од Законот за заштита на конкуренција каде се наведува дека Комисијата е должна да поведе постапка по барање од физичко или правно лице само доколку со таа барање е утврдено можно настапување на значително нарушување на конкуренцијата. Во постапката која претходеше на ова решение во самото решение не е образложено постењето на значително нарушување на конкуренцијата. Дополнително тужениот орган на страна 9 во одговорот на тужба

наведува дека не е потребно дополнително докажување на значителното нарушување на конкуренцијата бидејќи станува збор за ограничување на конкуренција со цел да се утврди видот на пазар, учесниците и начинот на формирање на цената кај сите учесници што до ден денес не е направено од страна на Комисијата за да има примена на член 7 став 1 од ЗЗК иницијално дека мора да постои непречена конкуренција и да постои договор за усогласено однесување за координација на целите.Од ниту еден релевантен доказ во фактичката сотојба не може да се утврди. Напротив комуникација како што била вообичаена и дозволена во рамките на Законски основаното Национално биро е дозволено. Многу компании и конкуренти на пазарот членуват во здруженија, стопанска комора со што редовно се разменуваат информации за економијата, проблемите и така натаму. Таквото комуницирање не претставува усогласено постапување. Имајќи во предвид дека во период од 2008 година до 2024 година цените за премии за осигурување во случај на автоодговорност биле скоро идентични не поради усогласеното однесување на Осигурителните компании туку поради начинот на кој се формира цената на премиите. Доколку тужениот орган го утврдил пазарот и овој начин воопшто немало да се покрене прекршочна постапка.

Пред почетокот на расправата на ден 30.03.2026 година, полномошникот на тужителот Кроација Осигурување АД Друштво за неживотно осигурување Скопје,Татјана Поповски-Буловски адвокат од Скопје побара примерок од решението за спојување на постапките и побара да изврши увид во списите на предметот.

Предлогот на полномошникот на тужителот Судот го одби како неоснован бидејки со истиот е насочен кон одоговлекување на постапката. Тужителот го примил одговорот на тужба на ден 21.01.2026 година, а поканата за јавна расправа ја примил на ден 03.03.2026 година па до донет на одржување на расправата 30.03.2026 година имал доволно време да реагира и да побара увид во списи по предметот.

Полномошникот на тужителот Кроација Осигурување АД Друштво за неживотно осигурување Скопје Татјана Поповски-Буловски адвокат од Скопје, истакна дека пред отпочнување на главната расправа, до судот доставила економско вештачење најавено со тужбата, на околности исто така посочени во самата тужба. Во однос на тужбата, наведе: Би сакала да укажам дека во целост останувам кон наводите во истата, предложените и приложените докази, со предлог тужбата да биде усвоена во целост од страна на судот. Со оглед дека се работи за обемни наводи во тужбата, а во интерес на економичност на постапката, како имајќи ги предвид одредбите од член 57 од ЗЗК, остануваме на наводите за сторените повреди на постапката која му претходела на актот односно на оспореното решение, повредите се детално опишани во точката 1 од тужбата. Покрај тоа, тужениот не ги утврдил ниту решителните факти кои што се битни за да може било какво постапување да се квалификува како

прекршок, а особено не како учество во картел. Во предметното решение, е погрешно и нецелосно утврдена фактичката состојба, особено што не се земени во предвид во текот на претходната постапка ниту еден од доказите кои ги предложивме, како и аргументите кои ги понудивме, а особено не се земени предвид извештаите на надлежните органи, особено Регулаторот во областа на осигурувањето. Како последица на ваквите повреди, произлезе и целосна погрешна примена на материјалното право, односно погрешна примена на член 7 од Законот за заштита на конкуренција. Во однос на одговорот на тужба, наводите во истиот се неосновани, повикувањето на меѓународна пракса е парцијално и селективно и не до крај објаснето, што може да создаде забуна кај судот дека таквата пракса е во полза на тужениот. Одговорот е прилично генерален и општ и натаму не осврнувајќи се на доказите кои ги понудивме и во текот на претходната постапка, а и со тужбата. Во секој случај го задржувам правото да се произнесам и дополнително по ставовите на тужениот орган, по нивното произнесување во текот на главната расправа.

Полномошникот на тужителот УНИКА АД, адвокат Влатко Десподовски, истакна: останувам во целост кон наведеното во тужбата и да не се повторувам во тужбата детално имаме елаборирано зошто сметаме дека побиваното решение е незаконско и за истото имаме доставено соодветни докази. Во однос на одговорот на тужба, исто така се имаме произнесеено со писмен поднесок, а денес само накратко би дообјаснил: тужителите се казнети за сторен прекршок а дејствијата што им се ставаат на товар, ниту теоретски не може да бдиат прекршок во смисла на член 7 од ЗЗК. Имено, дејствијата на тужителите ниту за цел, како што е наведено во одговорот на тужба, ниту за последица немаат нарушување на конкуренцијата, затоа што логично не може да се наруши нешто што не постои. Значи, во дејствието на тужителите не е содржано објективното битие на конкретниот прекршок по член 7, па неосновано е наведеното во одговорот на тужба дека непостоењето на конкуренција наводно не ја исклучувало примената на член 7 од Законот за заштита на конкуренција.

Полномошникот на тужителот ГРАВЕ НЕЖИВОТ, адвокат Филип Видески, истакна: во целост остануваме кон наводите изнесени во тужба и тужбено барање и предлагаме овој суд да ја усвои тужбата на тужителот во целост, како и да го поништи оспореното решение на КЗК, КОП. Наведеното, особено ако се имаат во предвид сите наводи и докази доставени во текот на постапката, а од кои што овој суд со сигурност може да утврди дека Комисијата целосно пропуштила да го утврди клучниот и неспорен факт, односно фактот дека на пазарот на осигурување од автомобилска одговорност, не постоела никаква конкуренција, ниту во периодот пред Април 2024 годисна, ниту пак по 07.05.2024 година, а истата не постои ни денес. Му појаснуваме на судот дека во периодот уште од 2008 година, па се до 25.04.2024 година, а и по стапување на сила на новата тарифа од 07.05.2024 година, цените на премијата за

автоодговорност кај сите осигурителни друштва биле идентични. Сето наведено, а доколку се има во предвид членот 7 од ЗКК, елементарен услов за примена на истот член односно постоење на конкуренција, не е исполнет. Поради наведеното, сметаме дека со целата постапка која претходела на донесување на актот, не постоел прекршокот кој се става на товар, а во смисла на член 7 од Законот и истото не може да се утврди од ниту еден доказ изведен во постапкаата. Во однос на наводите од одговор на тужба доставени од тужениот орган, сметаме дека истите се во целост неосновани и паушални, како и дека неконкретно се наведуваат описи и дејствија, па поради сето наведено, предлагаме овој суд да го усвои тужбеното барање во целсот онака како што е поставено.

Овластениот претставник на тужениот орган Борче Размоски од Скопје, изјави: остануваме во се како во дадените одговори на тужба и накратко се осврнувам на произнесувањето од страна на тужителите на претходните јавни расправи: на самиот почеток дозволете да поставам едно прашање чиј одговор ја дава суштината на санкциниранoто усогласено однесување : дали може да се говори за случајност или за назависни деловни односи кога по 16 годин сите осигурителни компании речиси истовремено ја менуваат цената. Одговорот на ова прашање произлегува од самата содржина на обезбедената комуникација . Имено ниту еден од тужителите не ја оспори содржината на таа комуникација која претставува клучен доказ за утврдување на координација и усогласено однесување. Утврдена е размена на комуникација споделена меѓу сите тужители која започнува на 01.03.2024 година во која е содржината на пораката цитирам „ се препорачува стартување на активностите 10 дена пред поскапувањето “ по што следи понатамошна разработка на активности преку таканаречен мастер план во кој се содржани активности, рокови, буџет, медиумско претставување итн. Дополнително обезбедената комуникација го потврдува континуитетот и укажува дека не станува збор за изолиран контакт туку за структуирана координација насочена кон нивно пазарно делување . Во тој контекст сакам да нагласам дека Комисијата не ја сакнкционира економската оправданост за зглемување на премијата туку начинот на кој таа е реализирана преку координација и усогласено однесување помеѓу претпријатија кои се должни да настапуваат независно на пазарот. Значи предмет на санкција не е цената туку координацијата. Дополнително истакнувањето од страна на некој од тужителите дека не постои прекршок поради тоа што не биле утврдена размена на проценти или тарифи е неосновано од причини што за постоење на усогласено однесување не е потребно експлицитно договарање на цени туку е доволно координација која влијае на нивно пазарно однесување е тоа е потврдено и од страна на Европскиот суд на правдата преку цитираните пресуди дадени во одговорите на тужба. Во однос на истакнувањето на тужителите за неодржување на усна расправа сакаме да истакнеме дека не станува збор ќе цитирам за злоупотреба на дискреционо право на Комисијата туку за тоа дека усната расправа не е задолжителна и се одржува по потреба . Судот да има

во предвид дека постапката е поведена по службена должност од страна на Комисијата а на тужителите им било овозможено целосно процесно учество во постапката. Повикувањето на начелото на еднаквост на оружјата во тој контекст е неосновано . Имено согласно член 44 став 2 од Закон за заштита на конкуренцијта на усна распрва се повикува лицето против кое е поведено и се води постапката и подносителот на барањето како што истакнав претходно постапката е поведена по службена должност при што не постои подносителот на барање во смисла на член 34 од Закон за заштита на конкуренцијата. Во таа насока и согласно праксата на Европски суд за човекови права правото на усна расправа не е апсолутно право па тоа се потврдува и преку доставените пресуди во прилог на одговорите на тужба. Начелото на еднаквост на оружјето доаѓа до израз и обезбедено е од страна на овој суд во оваа постапка. Во однос на наводите за неспроведување на постапка за порамнување согласно член 44 став 2 и член 48 став 2 од Закон за прекршоците надлежениот орган спроведува постапка за порамнување само доколку тоа е определено со закон. Законот за заштита на конкуренција како посебен закон не предвидува ваква постапка за порамнување како што тоа пример е уредно со други материјални закони пр. Закон за даночна постапка, Закон за царинска управа, Закон за јавна чистота. Исто така глобата која можа да биде предмет на порамнување не може да биде помала од половина од пропишаната глоба утврдена со материјалниот закон. Во конкретниот случај изречените глоби се далеку под законскиот минимум односно под нивото кое би било условно предмет на порамнување. Конечно Законот за заштита на конкурецција предвидува посебен мехенизам за ослободување или намалување на глобата согласно член 65 од Закон за заштита на конкурецијата, кој се применува токму во случаи на откривање на картели, а врз основа на пратходно поднесено барање од страна на сторителот на прекршокот.

Во однос на предложениот нов доказ од страна на тужителот Кроација - Економско вештачење предлагаме истиот да не биде прифатен како доказ од следните причини: Согласно член 42 став 5 од Закон за заштита на конкуреција учесниците имаат право да предлагаат нови докази само доколку во моментот не произнесување по прелиментарното известување кое било донесено на 19.03.2025 година не располагале со истите. Во конкретниот случај тужителот не неведе ниту образложи зошто овој доказ не бил предложен во текот на постапката иако помеѓу произнесувањето на прелиминираното известување и донесување на решението поминале околу 10 месеци . Од тука сматеме дека овој доказ е ненавремен но доколку судот прифати истиот да биде изведен како доказ сметаме дека истото е ирелевантен за предметот на спорот од следните причини: Комисијата во ниту еден момент не ја спори економската оправданост на зголемување на премијата туку исклучиво начинот на кој истото е сторено. Со предложеното вештачење вештото лице навлегува во

правна квалификација односно оценува дали постои усогласено однесување што е во исклучува надлежност на органот и на Судот а не на вештото лице. Дополнително ваквата оценка е дадена без целосен увид во сите релевантни докази и комуникации утврдени во постапката што дополнително ја доведува до прашање неговата релевантност. Останатите прашање во однос на ралевантниот пазар, географскиот пазар, регулираниот пазар, усогласено однесување, договор итн., се датално елаборирани во дадените одговори на тужба. Предлагаме судот да ги одбие тужбите како неосновани и да го потврди решението на тужен орган како правилно и законито.

Во доказна постапка Судот изврши увид во: оспореното Решение бр.09-48/77 од 03.12.2025 година, докази кон тужба на тужител Евроинс осигурување: тековна состојба за тужен орган, тековна состојба за тужител Евроинс осигурување Скопје, Одговор на Евроинс на прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба од 26.02.2025 година примено кај тужен орган на ден 12.02.2025 година, Одговор на конечно известување за утврдена фактичка состојба од 4.07.2025 година, примено кај тужен орган на ден 17.07.2025 година, ОДГОВОР на тужба примен во Управен суд на ден 5.01.2026 година, докази кон тужба на тужител АД Македонија Скопје Виена Иншуренс Груп: тековна состојба за тужител, тековна состојба за АД за осигурување ЗОИЛ Македонија Битола, Одговор на сега тужител на конечно известување за утврдена фактичка состојба од 4.07.2025 година, примено кај тужен орган на ден 17.07.2025 година, Записник од 23.12.2024 година за усна јавна расправа одржана пред Основен суд Битола по предмет ТС-5/23, Одговор на тужба примен во Управен суд на ден 5.01.2026 година, докази кон тужба на тужител Национална групација за осигурување АД Осигурителна полиса: тековна состојба за тужител со датум 2.12.205 година , Записник од 164 седница на Влада на РСМ одржана на 4 јули 2023 година, Достава на писмено известување по наводи содржани во конечно известување за утврдена фактичка состојба примено кај тужен орган на ден 17.07.2025 година, Изјава од сега тужител за откажување од членство во Стопанска комора на Македонија од 13.12.2019 година, Допис од сега тужител до Стопанска Комора од 7.10.2024 година, Одлука на сега тужител од 27.02.2024 година, Про-фактура Стопанска комора на Македонија до сега тужител од 19.06.2024 година, Достава на писмено известување по наводи содржани во прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба примено кај тужен орган на ден 12.03.2025 година, Достава на податоци од сега тужител до тужен орган согласно член 32 став 1 точка 4 од Законот за заштита на конкуренцијата, Мислење број 11-2850/1 од 22.04.2024 година, тековна состојба за тужител со датум 9.10.2024 година, Достава на заклучок за прибавување на податоци број 09-18/14 од 11.07.2024 година од тужен орган до сега тужител, Достава на документација од сега тужител до тужен орган од 26.07.2024 година врз основа на заклучок број 09-18/9 од 8.07.2024 година,Одговор на тужба примен во Управен суд на ден 5.01.2026 година, докази кон тужба на тужител Сава осигурување: тековна

состојба за тужен орган, тековна состојба за тужител, тековна состојба за полномошник на тужител, решение за ДДВ обврзник за полномошник на тужител, Одговор на тужба примен во Управен суд на ден 19.02.2026 година, докази кон тужба на тужител Триглав осигурување АД Скопје: тековна состојба за тужител, тековна состојба за тужен орган, Прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба од 26.02.2025 година, Достава на одлука од сега тужител до Национално биро за осигурување од 22.04.2024 година со докази, Одговор на тужба примен во Управен суд на ден 05.01.2026 година.докази кон тужба на тужител Халк осигурување: тековна состојба за тужител, решение за ДДВ обврзник за полномошник на тужител, Податок од Национално биро за осигурување во врска со износот на премија за автомобилска одговорност од Април 2008 година, Мај 2024 година и 2025 година, Одговор на тужба примен во Управен суд на ден 12.02.2026 година.докази кон тужба на тужител Еуролинк осигурување: тековна состојба за тужен, тековна состојба за тужител, тековна состојба за полномошник на тужител, произнесување по прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба под број 09-48/9 од 26.02.2025 година од 13.03.2025 година, Одговор на барање од 12.03.2025 година од Национално биро за осигурување до тужител со пополнети табели, Статут на Национално биро за осигурување од 16.03.2018 година, Одлука за утврдување на минимална и максимална стапка на техничка премија за осигурување од автомобилска одговорност за 2008 година објавена во Службен весник на РМ на 12.09.2008 година, Тарифа за изменување и дополнување на тарифата на премии за осигурување на сопствениците на моторни возила од одговорност за штети предизвикани на трети лица објавена во Службен весник на РСМОдговор на тужба примен во Управен суд на ден 08.01.2026 година, на 07.05.2024 година, Мислење на овластен актуар кај тужителот од 18.04.2024 година, решение за ДДВ обврзник за полномошник на тужител, и 2 и-маил комуникации , Одговор на тужба примен во Управен суд на ден 05.01.2026 година, Поднесок од тужител од 4.03.2026 година, докази кон тужба на тужител Кроација осигурување АД Друштво за неживотно осигурување: тековна состојба за тужен, тековна состојба за тужител, Извештај за спроведена анализа за портфолио на тужител за автоодговорност со сценарио за зголемување на премијата од 20% и воведување на адмистративна такса за Зелена карта - e-mail комуникација, Извештај за работењето на друштвата за осигурување во периодот 1.1-31.12.2023 година, Анализи кај тужителот за коефициент на штети и трошоци од 31.12.2023 година, коефициент на штети и трошоци од 31.12.2022 година, коефициент на штети и трошоци од 31.12.2021 година, Мислење на овластен актуар кај тужител од 19.04.2024 година, Трошоци за 2023 година, Стапка на инфлација и просечна плата за 2018-2023 година, Е-маил кореспонденции од 26.02.2024 година, 27.02.2024 година и од 28.02.2024 година, Корекции на режиски додаток DMPTL od 30 na 50%, Наод и Мислење СВ - 68/2025 од 27.03.2026 година, е-маил комуникации од 08.03.2023 година и од 05.12.2023 година, Одговор на тужба примен во Управен суд на ден 08.01.2026

година, докази кон тужба на тужител Уника АД: Работен документ на персоналот на Европска Комисија - Извештај за Северна Македонија за 2023 година од 8.11.2023 година, произнесување по прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба под број 09-48/9 од 26.02.2025 година од 13.03.2025 година, произнесување по конечно известување за утврдена фактичка состојба бр.09-48/44 од 4.07.2025 година со датум 17.07.2025 година, Економско-финансиско вештачење по предмет Малаведнот 2129/24 од февруари 2025 година, Одговор на тужба примен во Управен суд на ден 03.02.2026 година, Поднесок од тужител од 17.02.2026 година, и-маил дипис од 08.01.2024 година, докази кон тужба на тужител ГРАВЕ НЕЖИВОТ :тековна состојба за тужител, тековна состојба за полномошник на тужител, Прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба број 09-48/10 од 26.02.2025 година, произнесување од тужител од 13.03.2025 година по Прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба, Конечно известување за утврдена фактичка состојба број 09-48/43 од 04.07.2025 година, произнесување од тужител од 16.07.2025 година по конечно известување за утврдена фактичка состојба и Одговор на тужба примен во Управен суд на ден 30.01.2026 година, докази од тужен: УСБ со скенирана документација, две одлуки на Европски суд за човекови права кои не се преведени, Барање за постапување од Министерство за финансии до тужен орган од 26.04.2024 година, записници за спроведени дејствија согласно член 41 од Законот за заштита на конкуренција, Доставување на податоци од тужители до тужен орган соглано заклучок за прибирање на податоци, заклучоци за поведување прекршочна постапка од тужен орган до сега тужители, Одговори на заклучок за поведување на прекршочна постапка, Прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба ПП.бр.09-48/1 од 26.02.2025 година, Одговори на Прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба ПП.бр.09-48/1 од 26.02.2025 година,Барање до Централен регистар на РСМ за доставување на биланс на успех број 09-48/36 од 5.06.2025 година за сега тужителите, Конечно известување за утврдена фактичка состојба ПП.бр.09-48/38 од 04.07.2025 година, Произнесувања по Конечно известување за утврдена фактичка состојба ПП.бр.09-48/38 од 04.07.2025 година, Документација од увид на лице место во Халк осигурување и Уника АД Скопје, Барања за доставување на недоверлива верзија до осигурителните компании со датум 20.11.2025 година и дописи за достава на недоверлива верзија од седум осигурителни компании, како и останата документација содржана во четири класери доставени од тужен орган на ден 5.01.2026 година.

Во завршен збор полномошникот на тужителот на ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ Скопје, Ана Пепељуговска Стојкоска адвокат од Скопје изјави: останувам во целост кон тужбата и наводите изнесени на рочиштето на 25.03.2026 година со предлог судот да го усвои тужбеното барање чија што основаност неспорно произлегува и од изведените докази но и од денешните искази од тужениот орган, особено ако се заме

во вид фактот дека видно од страна 4 на сега побиваното решение првиот доказ изведен од овој суд, а доставен од страна на тужениот за барањета за постапување односно поведување на постапка каде како подносител се јавува Министерството за финансии, односно постапката не е водена по службена должност. Од тука сметаме дека судот треба посебно внимание да обрати на константираните процесни повреди направени од страна на тужениот орган особено неодржувањето на усна расправа и непонудената постапка за порамнување. Со оглед на тоа дека Закон за заштита на конкуренција спротивно на наводите на тужениот не содржи минимум при определувањето на глобата, бараме од судот да ја земе на увид сопствената пракса во предметите каде тужен орган е Комисијата за заштита на конкурeција и да го поништи оспореното решение. Трошоци прадлагам по писмен трошковник кој ќе го доставам во рок од 3 работни дека .

Во завршен збор полномошникот на тужителот Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје-Виена Иншуренс Груп од Скопје, Валентин Пепељуговски адвокат од Скопје изјави: предлагам судот да ја уважи тужбата и да го поништи решенито на тужениот орган од причина што од изведените докази и утврдените факти вклучително и денешниот одговор се утврди дека тоа решение е назаконско од причина што е донесено во постапка каде се направени суштествени повреди како што е неодржувањето на јавна расправа особено ако се има во вид дека оваа постака е поведена по барање на Министерство за финансии иницирана од страна на Агенцијата за супервизија на осигурувањето. Тој факт е константиран од страна на Комисијата на страна 4 од Решението. Исто така судот треба да има во вид дека не се доставени докази на тужителот кои биле во посед на тужениот со цел да се изјасни по иститe. Она што е исто така битно е дека и денеска се потврди дека тужениот не разликува картел што е договор од усогласено однесување, па не може во решението да вика дека повредата е разултат на картел / усогласено однесување. Што се однесува на праксата на тужен оргна да не нуди порамнување исто така сметаме дека е спротивно на Закон за прекршоци. Предлагам тужбата да се уважи и опсореното решение да се поништи. Трошоци барам по трошковник кој ќе го доставам во рок од 3 дена .

Во завршен збор полномошникот на тужителот на Национална групација за осигурување АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА - Скопје од Скопје, Валентин Пепељуговски адвокат од Скопје изјави дека:предлагам судот да ја уважи тужбата и да го поништи решението на тужениот орган од причина што од изведените докази и утврдените факти вклучителни и денешниот одговор се утврди дека тоа решение е назаконско од причина што е донесено во постапка каде се направени суштествени повреди како што е неодржувањето на јавна расправа особено ако се има во вид дека оваа постака е поведена по барање на Министерство за финансии иницирана од

страна на Агенцијата за супервизија на осигурувањето. Тој факт е константиран од страна на Комисијата на страна 4 од Решението. Исто така судот треба да има во вид дека не се доставени докази на тужителот кои биле во посед на тужениот со цел да се изјасни по истите. Она што е исто така битно е дека и денеска се потврди дека тужениот не разликува картел што е договор од усогласено однесување, па не може во решението да вика дека повредата е разултат на картел / усогласено однесување. Што се однесува на праксата на тужен орган да не нуди порамнување исто така сметаме дека е спротивно на Закон за прекршоци. Предлагам тужбата да се уважи и оспореното решение да се поништи . Во случајот осигурителна полиса не учествува во размена на било каква комуникација нити пак била член на Стопанската Комора на Македонија заради тоа посебно сметам дека за нејзе не може да се однесува дека усогласено се однесуваат. Трошоци барам по трошковник кој ќе го доставам во рок од 3 дена .

Во завршен збор полномошникот на тужителот на САВА осигурување А.Д.Скопје, Елена Трајковска Манчевски адвокат од Скопје изјави: предлагам тужбеното барање да биде усвоено како што е поставено, а решението на Комисијата да се поништи како незаконито. Останувам на сите наводи истакнати во тужбата како и на усмените наводи истакнати на претходното рочиште. Укажувам дека тужениот орган ниту во денешното свое излагање на се произнесе по она што е суштинско за утврдување на конкретниот прекршок односно повторно не дадоа наводи во насока на тоа како тужителите со нивното однесување намерно ја замениле состојбата на непречена конкуреција . Повторно не беа дадени ниту наводи во однос на тоа што и пред зглемувањето на цените, пазарот веќе бил со неконкурентни цени при што основниот предуслов за прекршок не е исполенет. Укажувам дека за овој тип на полиса покритието на истата е законски регулирано со што значително се ограничува просторот за вистинска ценовна конкуренција, правејќи го овој пазар суштински различен од целосно ослобоеден пазар. Исто така укажувам дека од страна на тужителите е оспорено толкувањето на комуникацијата помеѓу осигурените компании бидејќи електронска комуникација меѓу истите не може да биде доказ за усогласено однесување, особено кога помеѓу осигурителните компании секогаш постоела комуникација што се однесува на развивање на рагулаторни промени, размена на информации, но никако не е доказ за експлицитен договор за фиксирање на цени.Трошоци барам по писмен трошковник кој ќе го доставам во рок од 3 работни дена.

Во завршен збор полномошникот на тужителот на ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје од Скопје, Кирил Стојановски адвокат од адвокатско друштво Апостолски Скопје изјави: судот да ја усвои тужбата онака како што е поставена и оспореното решение да го поништи и тоа за тоа да го стори доволно е само да се задржи на

суштината на која истото се базира а која беше потврдена и од денес истакнатите наводи на тужениот орган. Укажуваме дека оценката дека предмет на прекршок е само заради постоење на информации и кординација како што вели тужен орган и дека во таа смисла правилно утврдил дека се работи за ограничување на конкуренцијата по цел е погрешно и сообразно на тоа аргументацијата и доказите во самото решение се неосновани бидејќи ако судот направи детална анализа на Европската судска пракса ќе утврди дека, дури и кога се работи за ограничување во цел тоа не значи дека секоја размена на информации или комуникација помеѓу конкурентите значи потврда на конкурентските правила, туку она што суштински имаат и конкурентска цел, а тоа значи дека не може да се опсервираат информациите и комуникациите сами по себе, туку органот е должен да направи анализа на конкретен економски и правен ефект од истите, преведено во конкретниот случај, осигурителните друштва не размениле чуствителни информации бидејќи за тоа да постои морало да бидат заменети идни цени, проценти или планови, односно стратешки информации кои би ја намалиле пазарната неизвесност и би овозможиле предвидливост на цени што тука не е случај. Е-маил комуникацијата не може да биде индикација за усогласување, тука е-маил пораките се административни известувања а не комецијални информации и истите се разменети во рамките на легитимно тело во кое осигурителните компании се здружени. Размената не може да има автоматски третман на картел како што стои во решението бидејќи потребен е реален или потенцијален ефект врз конкуренцијата што органот не го докажува. Паралелното однесување на кое се повикува не може да биде доказ сама по себе без дополнителни фактори, а тука промените настанеле како разултат на регулаторна промена а не кака резултат на договарање помеѓу осигурителните друштва. Како сублимат од сето ова судот да има во предвид дека забранета е само комуникација со антиконкурентски ефект, па бидејќи истите тука отсуствува нема повреда и ова го прави предметното решение незаконито. Трошоци барам по писмен трошковник кој ќе го доставам во рок од 3 работни дена.

Во завршен збор полномошникот на тужителот на Друштво за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ А.Д Скопје, Никола Додевски адвокат од Скопје изјави: сметам дека од доказите изведени во текот на расправата се утврди во целост основаноста на тужбата, поднесена од Халк Осигурување и поради тоа судот е должен да донесе одлука согласно предлогот што го имаме ставено во тужбата кој што е прецизно формулиран, така што ќе го поништи решението и ќа ја усвои една од алтернативните дадени во предлогот, а тоа е судот сам да ја реши управната работа на начин што ќе ја запре прекршочната постапка согласно член 36 став 4 од ЗЗК , или предметот ќе го врати на повторно одлучување. Сметам дека се утврди сосема јасно постоење да суштествените повреди наглесени во тужбата а тоа е пред се нејасноста кој е органот што го донел утуженото решение и како е може да се донесе ршение од орган кој што

по законот не постои, а како што објаснивме и во тужбата и во нашите наводи. Ниту во денешното излагање на претставникот на Комисијата не добивме произнесување во однос на овие наводи. Понатаму затоа што јасно се утврди постоење на суштествена повреда во вид на нејасно неведување дека осогурителните друштва учествувале во забранет договор и/или усогласено однесување картел, се разбира дека во правниот промет не може да опстане вакво решение дека во кој што самиот орган не знее зошто го донел тоа решение и не опишува во што се состои прекршокот. Сметаме дека од таа прична ниту во денешните наводи на пратставникот на Комисијата не добивме одговор на овие тужбени наводи ниту објаснувањата дадени на расправата во нашите наводи . Реално не може да ни да се објасни зошто ваков навод кој што излегува од описот даден во член 7 став 1 од Законот воопшто е ставен во утуженото решение. Во однос на денешните наводи наместо образлагање на основаноста на решението, слушнавме прашање од претставникот на Комисијата дали е случајот што после 16 години истовремно се сменила цената. Па ова прашање и одговорот на истото укажува токму на неоснованоста на утуженото решение затоа што менувањето на цена не е предвидена како прекршок кое што алтернативно ми го дава Комисијата или договор, или усогласено однесување, туку Законот во член 7 го предвидува тоа што го пропушта Комисијата и во решението и денес, а тоа е дека ако се определила Комисијата на пример како во денешното излагање на усогласено однесување за постоење на прекршок е потребно целта на биде нарушување на конкуренцијата како што е неведено во став 1 од член 7 или попрецизно во алинеја 1 од став 1 директно или индиректно фиксирање на продажните цени во случајот на услугите во областа на осигурувањето. Токму затоа што Комисијта во утуженото решение такво нешто не утврдила претставникот на денешното рочиште не можеше ни да во своето прашање ја постави вистинската цел на усогласувањето каде што не е сама по себе промена на цената . По однос на Халк осигурување денеска слушнавме неточен навод дека ниту една од осигурителните компании на ја оспорила е-маил комуникацијата. Обрнувам внимание дека во сите свои произнесување дека тужителот во текот на постапката а во тужбата пополнуваќи во последниот став од страна 4 кој продолжува на првиот и вториот став од страна 5, се врши токму оспорување на е-маил комуникацијата и прецизно е објаснето дека Халк осогурување има примено само 4 е-маил пораки и тоа е ставено во копија ЦЦ, а во ниту една од тие пораки не станува збор за никакво фиксирање на цените што е суштествен елемент за воопшто да се размислува за прекршок. При таква ситуација наводот на Комисијата даден претходно, а не денес дека и со пасивно прифаќање се врши прекршокот нема никава основа бидејќи во четирите е-маил пораки нема ништо понудено што Халк Осигурување би можал да прифати и тие пораки не содржат ниту еден елемент од членот 7 од Закон за заштита на конкуренцијата кој што е суштествен за постоење на прекршок од било која од нејасно дефинираните опции од страна на Комисијата. Заклучок дека се работи за крајно незаконско, површно решение кое што дури се обидува законските формулации

да ги замени со свои произволни формулации кои што немаат основа во Законот. Поради сето ова сметам дека се работи за школски пример на управен акт кој што судот има обврска со својата одлука да го отстрани од правниот поредок, пред се во интерес на правната сигурност загарантирана со член 6 од Конвенцијата за заштита на човековите права на која Македонија е потписник за разлика од цитираните ставови на Европскиот суд на правдата за кои што Комисијата не се ни обиде да даде објаснување за тоа како овие одлуки можат да бидат дела од домашното право со нивно иплементирање во поединечни управни одлуки. Трошоци барам по писмен трошковник кој ќе го доставам во рок од 3 работни дена.

Во завршен збор полнмошникот на тужителот Халк осигурување адвокат Душка Кузмановска изјави дека се приклучува во целост кон дадениот завршен збор од страна на полномошник Никола Додевски адвокат од Скопје .

Во завршен збор полномошникот на тужителот на Акционерско друштво за осигурување ЕУРОЛИНК Скопје од Скопје, Катарина Гиноска од адвокатско друштво Ѓорги Димитров адвокати од Скопје изјави: во однос на тужителот Еуролинк АД Скопје останувам кон тужбата писмените и усните наводи и доказите со барање судот да го поништи оспореното решение а поради следново: оспореното решение е донесено во постапката во која тужениот оргна не ја утврдил основната законска претпоставка за поведување и водење на оваа прекршочна постапка, па така до денешен ден а и согласно наводите изнесени од страна на туженииот орган имам контрадокторност од кој ја повел постапката и како истата треба да биде водена согласно Закон за заштита на конкуренцијата. Во одговорот на тужба во денешното излагање Комисијата само апстракно квалификува дека станува збор за ограничување со цел во обид туженият орган да го оправда избегнувањето на утврдување на релевнтниот пазар на учесниците на тој пазар како и начинот на формирање на цената на премии од авто одговорност, па така под завесата на „ ова пратставува ограничување по цел, а и по наводите изнесени денес јасно се утврди дека Комисијата не утврдувале економска оправданост при промена на цените, не ги утврдила учесниците и начинот на утврдување на цените, туку спорен бил моментот на временската промена на цените кај осигурителните компании. Со оглед дека Комисијата постави едно реторичко прашање денес јас би постапила уште едно: дали усогласено однесување кога Регулаторна Комисија на енергетика ќе ја промени цената не бензините следниот ден на бензиските станици имаме промена кај сите бензини . Од ова призлегува дека Комисијата паушално без да навлезе во суштината на овој пазар донела решение оспорено пред овој суд. Со ниту еден релевантен факт не е утврдено учество забранет договор или усогласено однесување и во постапката не е неправена јасна разлика помеѓу административна размена на информации и размена на чуствително конкуретски податоци, од ова последново нема ни траг. Трошоци барам по писмен

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА УПРАВЕН СУД 12 SHKUP GJYKATA ADMINISTRATIVE REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

трошковник кој ќе го доставам во рок од 3 работни дена.

Полномошникот на тужителот Кроација Осигурување АД - Друштво за неживотно осигурување, адвокат Атанас Чантаров во Адвокатско друштво Поповски и Партнери од Скопје изјави дека завршниот збор ќе биде даден во писмена форма заедно со писмениот трошковник сето ова во рок од 3 работни дена.

Во писмениот завршен збор тужителот останува во целост кон поднесената тужба и истакнатото тужбеното барање, како и доказите и аргументите истакнати во тужбата и на рочишта за главна расправа.Наведува дека во текот на исклучително кусата постапка, ниту еден од доказите предложени од тужителот не е соодветно разгледан и дискутиран, а воедно не боло овозможено на тужителот да се запознае со доказите кои се обезбедени во текот на претходна постапка, а особено не со доказите од другите тужители со оглед дека сите тужби, надвор од рочиште, без произнесување на странките, биле споени во еден предмет.Тужениот орган сторил низа суштествени повреди на постапка коа претходела на донесувањето на предметното оспорено решение: Повреда на основните и процесните начела од член 5 став 3, член 10 став 1, член 11 став 1 и член 58 од ЗОУП и повреда на правото на одбрана од член 31 од Законот за заштита на конкуренција во врска со член 2 став 1, 2 и 3 од Законот за прекршоци.Тужениот орган спротивно на одредбите од член 42 став 1 од Законот за заштита на конкуренција не одржал усна расправа уште во фаза пред донесување на прелиминарно известуване за дотогаш утврдена фактичка положба, додека член 44 од Законот за заштита на конкуренција не ја исклучува или релативизира обврската од член 42 став 1 од ЗЗК Тужениот орган постапил и спротивно на одредбите од член 58 „Доказни средства" од ЗОУП.Од Решението не може да се утврди ниту кои докази, сведоци или експерти биле посочени, а за кои тужениот орган, по негова диспозиција, утврдил дека нема потреба од сослушување.Со ваквото постапување, тужениот орган ги повредил своите обврски од член 58 став 1 и 2 од ЗОУП со оглед дека му биле предложени средства што се погодни за утврдување на фактите во конкретниов случај, а не се работело за општо познати факти за кои не постои обврска да се докажуваат или факти кои му се познати на јавниот орган или факти чие постоење законот го претпоставува.Со вакви пропусти, тужениот орган сторил повеке повреди на постапката која претходела на донесувањето на Решението, а воедно не ја испитал одбраната на тужителот и го повредил неговото право на одбрана, а последица на истото е и донесување на решение кое не може да се испита и како такво е незаконито.Тужениот орган не ги утврдил решителните факти и воопшто не дал причини или критериуми за каква чувствителна информација се работи во е-маил коресподенцијата коа ја смета за клучна за откривање на „картелот", коа е таа информација, по кој критериум истата е чувствителна и какви последици истата предивикала. Тужениот орган воопшто не ја ценел околноста дека од страна на

тужителот не е преземено ниту едно активно дествие во врска со е-маил коресподенцијата околу медиумската комуникација.Нема ниту еден е-маил со кој тужителот учествува во дискусијата на темата која патем воопшто не се однесува на било какви усогласување на цени за автоодговорност, ниту пак има доказ дека тужителот разменувал било какви чувствители информации со било кого.Тужениот орган погрешно и нецелосно ја утврдил фактичката состојба Како последица на сторените повреди на постапката која претходела на донесувањето на оспореното решение, тужениот орган погрешно и нецелосно ја утврдил фактичката состоба и постапил спротивно на член 10 став 1 од ЗОУП.Од оспореното решение не може да се утврди која бил претходна состојба на непречена конкуренција за да истата наводно била заменета со состојба на практична соработка. Од страна на тужениот орган не се земени предвид актуарските анализи кои датираат временски многу пред периодот кој е земен како спорен од страна на тужениот орган, како и другите обаснувања од страна на тужителот поткрепени со соодветни докази. Е-маил комуникацијата која била предмет на анализа од страна на тужениот орган и прифатена како клучна за донесувањето на Решението без да се земат предвид аргументите на тужителот, не е опсервирана во релевантниот контекст. Презентациата со ПР агенда не се однесувала на зголемувањето на режискиот додаток од 30% на 50%, туку се однесувала на некое од претходните можни сценарија како спојување на авто одговорност (во понатамошниот текст „АО") со Зелена карта (во понатамошниот текст „ЗК"), евентуалното поскапување на техничката премија (техничката премија не ја одредуваат друштвата за осигурување) и слично. Како доказ во оваа насока одат анализите на актуарот на тужителот кои биле доставени до тужениот орган. Напоменува дека Агенција за супервизија на осигурувањето (во понатамошниот текст „АСО") во 2023 година изготви анализа од која може да се утврди дека класата за АО е негативна.Од страна на актуарот на тужителот, се правени повеке анализи, пресметки и мислења во подолг временски период со различни сценарија. Секоја промена на Тарифа за било која класа се прави согласно со мислење на актуар како што е предвидено во Законот за супервизија на осигурувањето (во понатамошниот текст „ЗСО"). Потреба од зголемување на АО кај тужителот постоела од многу порано за што имало и деловни дискусии кај тужителот многу пред спорниот период. На ова се однесуваат и пресметките на актуарката со сценарио спојување на АО и ЗК, па оттука презентацијата и ПР агендата не се однесуваат на зголемувањето на режискиот додаток, туку на евентуалното спојување на АО и ЗК како потреба на деловниот потфат и деловното очекување согласно модерните деловни процеси во осигурителниот бизнис надвор од нашата држава.Воедно, тужениот орган требало да ја има предвид и официјалната информација објавена на интернет страната на АСО со наслов:„Сопствениците на возила во 2023 година вложиле 87 милиони евра во осигурување од автомобилска одговорност.... АСО, Министерството за финансии и осигурителната индустрија работат на подготовките на процесот за либерализација на

цените што е и еден од условите во пристапните преговори за членство во ЕУ од 15.01.2024 година.Од приложената интерна е-маил коресподенција од 2023 година произлегува дека тужителот ги правел анализите за зголемување на режискиот додаток многу пред спорната е-маил комуникација која за тужениот орган е одлучувачка за донесување на Решението. Од анализата од АСО за период од 01.01.2023 година до 31.12.2023 година од која може да се види вкупната полисирана премија за АО во 2023 година, со поделба на износот од техничката премија и износот за вршење на дејноста на осигурување (режискиот додаток), вкупните административни трошоци, вкупните трошоци за провизија, вкупните останати трошоци, кои друштвата треба да ги покријат од премијата која ја наплакаат, како и останати статистички параметри кои ја прикажуваат класата 10 на осигурување. Врз основа на сите направени анализи кај тужителот, како и показателите од Пазарот на осигурување во нашата држава, режискиот додаток од 30% на техничката премија, односно 23% од брутополисираната премија не е доволен за покривање на идните обврски кои произлегуваат од договорите за осигурување со што се загрозува и рентабилноста и стабилноста на работењето на секторот. Од причините детално наведени во тужбата и во доказите приложени од тужителот, тужителот донесе одлука за зголемување на делот на премијата која е предвидена за спроведување на осигурување. Потребата од корекција на делот на премијата за спроведување на осигурување кај домашна автоодговорност била евидентна врз основа на направени пресметки од страна на актуарот на тужителот за што тужителот доставил соодветни анализи.Потребата од промена на тарифата за АО е предизвикана од економски и деловни потреби наметнати од околности надвор од контролата на тужителот, а факт е дека и денес оваа категорија на осигурување генерира загуби за тужителот.Воедно, за потребата од примена на предметната тарифа се дискутирало и анализирало подолг период и во рамките на АСО како регулатор на осигурителниот пазар.Не се земени предвид наводите во однос на електронската комуникација со маркетинг агенцијата со кои се појаснува дека истата е со цел да се информира јавноста за економската потреба од воведување промени, а не за усогласување на било какво однесување на пазарот.Воедно, тужениот орган не ги земал предвид ниту анализите од АСО за трошоците за АО, а кои се изработени пред зголемувањето на режискиот трошок од страна на тужителот и кои се објавени на веб страната токму на АСО.Во случај на осигурување од автоодговорност не се работи за слободен пазар, туку за регулиран пазар каде последна е одлуката на Комисијата за автоодговорност. Тужениот орган во Решението се повикува на Тарифата за измени и дополнување на Тарифата на премии за осигурување на сопствениците на моторни возила од одговорност за штети објавена во „Службен весник на РСМ" бр. 99/24 од 7 мај 2024 година со која се менува горната граница на делот на премија за вршење на дејноста на осигурување од техничката премија.Токму Комисијата за АО режискиот додаток веќе го ограничила, односно утврдила на 30%, со измените на Тарифата за АО, а

пресметките покажуваат дека овој износ не е доволен компаниите да работат рентабилно во оваа класа на осигурување.Напоменуваме дека Комисијата за осигурување од автомобилска одговорност нема постапено согласно претходно посочената законска обврска што укажува на потреба од системската грижа за осигурителниот сектор кој не смее да функционира на штета на осигурителните компании.Тужениот орган, како последица на суштествените повреди на постапка, како и на погрешно и нецелосно утврдената фактичка состојба, во конкретниот случај погрешно го применил и материјалното право и член 7 од ЗЗК. Во конкретниот случај, ниту имало намера, ниту дошло до фиксирање на цената на режискиот додаток. Уште повеке, на регулиран пазар како што е пазарот на осигурувањето, цената на овој додаток ја утврдува орган на управа, односно Комисијата за осигурување од автомобилска оговорност именувана токму од Владата на РСМ. И пред наводно спорниот период, цената на режискиот додаток била утврдена од страна на оваа Комисија, па оттука не е јасно каква била таа претходна состојба на непречена конкуренција на релевантниот пазар и како истата била заменета со состојба на практична соработка. Од сите причини изнесени во тужбата и овој поднесок тужителот бара судот да ја усвои тужбата и поставеното тужбено барање во целост и да го задолжи тужениот орган да му ги надомести на тужителот трошоците на постапката.

Во завршен збор полномошникот на тужителот Друштво за осигурување УНИКА АД Скопје, Влатко Десподовски адвокат од Скопје изјави: од изведените докази во текот на постапката сметам дека неспорно се докажа основаноста на тужбеното барање, односно дека побиваното решение е незаконско, затоа барам од судот исто да го поништи. Пред се тужителите се казнети за сторен прекршок во смисла на член 7 од Закон за заштита на конкурецијa, а дејствијата што им се ставаат на товар на тужителите немале ниту теоретски можеле да имаат за последица нарушување на конкуреција . Ова затоа што конкуренција на релевантниот пазар не постоела ниту во тоа време а не постои ни денес , а цените се буквално идентични помеѓу сите тужители и денес како што биле и пред донесување на спорените одлуки. Да не ги повторувам сите наводи од тужбата кои што се писмено и детално елеборирани, денес би дал само одговор на прашањето поставено од тужениот а тоа е дали може да се зборува за случајност кога во 16 години сите осигурителни компании ја сменилe цената. Во оваа насока би укажал дека сите осигурителни компании во тој момент биле буквално принудени самите да реагираат во рамките на свиоте законски можности затоа што Државните органи не ги исполнувале своите законски обврски во поглед на утврдувањето на цената. Да појаснам согласно членот 46 од Закон за задолжително осогурување , Владата на РСМ на предлог на Комисијата еднаш годишно ја утврдува минималната и максималнта стапка на техничката премија на осигурување од автоодговрност . Во прилог кон тужбата покрај другото е достевно и произнсување од преилиминарано известување во кое што тужителот побара

туженоит оргна да се обрати до Комисијата при Министерсво за финансии и да го побара записниците и донсените одлуки на таа Комсија во последните 5 години пред донесување на спорната одлука од страна ан тужителот , иако тужениот го обезбедеше тој доказ сам ќе го добиеше одговорт на своето прашање иако Комисијата имала обврска еднеш годишно во последните 5 години воопшто на ја утврдила минималната и максималната стапка на техничката премија . Трошоци барам по писмен трошковник кој ќе го доставам во рок од 3 работни дена.

Во завршен збор полномошникот на тужителот АД за осигурување ГРАВЕ НЕЖИВОТ Скопје, Коста Бојаџиев адвокат од Скопје, со заменичко полномошно за расправата, изјави: останувам во целост кон наводите изнесени во тужбата и во целиот досегашен тек на постапката . Сметам дека оспореното ршение е незаконски поднесено и неосновано од причина што истото не докажува постоење на услови за забрането карталски здружување. Дополнително сторени се и суштествени поврди на постапката пред се носењето на истото со тоа што не е спроведена постапка за спогодување и порамнување која што Комисијата ја имала како обврска согласно член 44 од Закон за прекршоци . Станува збор за регулиран пазар во однос на класата на автоодговорност кој што сам по себе не е конкурентен од причина што цените на овој пазар се формираат врз основа на строга законска регулатива па така согласно стандардите на конкутеткото право економските оператори имаат право да се адаптираат на постојните објективни економски фатори кои што постојат на пазарот. Таквата деловна адаптација на тужителот во конкретниот случај сама по себа не може да се толкува како кординирано постапување или забранет договор, затоа што тужителот имал лагитимно право и интерес како и економска оправданост да постапува соодветно на пазарните услови кои како што беше досега истакнато веќе 16 година остануваат непроменети од страна на телата кои што се должни иститe да го регулираат . Понатаму од доказите во никаква смисла на произлегува дека тужителот активно учествувал во какво било недозволено координирање . Самото примање на комуникација без активна улога и осогласено пазарно постапување не е доволно за да се утврди карталско зружување туку самомостојно и назависно деловно одлучување. Исто така би сакал да потенцирам за да има забранета комуникација со антиконкуретски ефект потребно е учесниците координирано да носат одлука за намалување на конкурецијата во одреден пазар, а во конкретен случај како што веќе беше наведено станува збор за пазар кој секако нема конкуренција. Трошоци барам по писмен трошковник кој ќе го доставам во рок од 3 работни дена.

Во завршен збор претставникот на тужениот орган Борче Размоски изјави: остануваме во се како во дадените одговори на тужба и изнесеното на денешната јавна расправа. Клучно е дека во предметниот случај утврдена е комуникација помеѓу конкуренти односно независни претпријатија, координација во однос на ценовен

елемент, режиски додаток, кој што не е регулиран дел од регулаторно тело од премијата за автомобилска одговорност и утврдена е временска усогласеност на донесување на одлуките за промена на тој ден од страна на тужителите, некои во ист ден а некои во краток временски период од само два до три дена. По однос на глобата дека истата е утврдена значително под законкиот максимум што укажува дека е применето принципот на пропорционалност. Имајќи го во предвид претходното предлагаме судот да ги одбие тужбите како неосновани и да го потврди решенето на Комисијата како законито.

Во завршен збор останатите претставници на тужениот орган изјавија дека се согласуваат во целост со дадениот завршен збор од страна на претставникот Борче Размоски.

Управниот суд постапувајки по тужбите на тужителите, го испита оспореното решение во границите на тужбеното барање во смисла на член 35 од Законот за управните спорови, па по оценка на тужбените наводи, одговорите на тужбите и списите на предметот, изјавите на странките дадени на јавните расправи и изведените докази, најде:

Тужбите се неосновани.

Од страна на Министерството за финансии на Република Северна Македонија на ден 26.04.2024 година до тужениот орган било доставено барање за постапување број 13-4175/1 во кое било посочено дека е примен допис од страна на Агенцијата за супрервизија на осигурувањето П.П.бр.14-396/1 од 25.04.2024 година, со кој се известува дека повеќе друштва за осигурување донеле одлуки за зголемување на висината на бруто премијата на осигурување од автомобилска одговорност која задолжително се плаќа при регистрацијата на моторни возила во делот на премијата за вршење на дејноста на осигурувањето и тоа преку зголемување на делот на премијата за вршење на дејноста на осигурувањето (режиски додаток), кој секое друштво го утврдува самостојно со донесување на посебна одлука на друштвото за осигурување, а истото е регулирано во член 3 од Тарифата на премии за осигурување на сопствениците на моторни возила од одговорност за штети предизвикани на трети лица донесена од Комисијата за автомобилска одговорност на ден 15.10.2018 година согласно Законот за задолжително осигурување во сообраќајот ( Сл.весник на РСМ број 88/05, 70/06, 81/08, 47/11,135/11,112/14 и 145/15).

Постапувајки по примeното барање, тужениот орган на ден 10.04.2024 година, донел заклучок П.П.бр.09-18/2 за прибавување на докази на лице место во Друштвото за осигурување УНИКА А.Д.-Скопје и Заклучок П.П.бр.09-18/3 за прибавување на

докази на лице место во Друштво за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје.

На ден 11.06.2024 година бил извршен увид и биле прибавени докази на лице место во Друштво за осигурување УНИКА А.Д. Скопје, за што бил составен записник ПП.бр.09-18/6 од 11.06.2024 година во кој се наведени дискутираните теми помеѓу овластените лица на Комисијата и овластените лица на Друштвото при што било пристапено на компјутерот на директорот на УНИКА-Дритон Азизи од кој била прибавена документација наведена во потврда П.П.бр.09-18/7 од 11.06.2024 година.

Исто така на ден 11.06.2024 година бил извршен увид и биле прибавени докази на лице место во Друштво за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ за што бил составен записник ПП.бр.09-18/4 од 11.06.2024 година во кој се наведени дискутираните теми помеѓу овластените лица на Комисијата и овластените лица на Друштвото при што било пристапено на компјутерот на Генералниот директор на ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ - Ило Ристоски како и компјутерот на овластениот Актуар во Друштвото - Билјана Стамеска од кои била прибавена документација наведена во потврда П.П.бр.09-18/75 од 11.06.2024 година.

На ден 8.07.2024 година, по извршената анализа на дотогаш прибавените информации и документација, тужениот орган на седница донел Заклучок за прибавување податоци П.П.бр.09-18/9 од 8.07.2024 година и истиот бил доставен до сите осигурителни компании. Откако биле доставени бараните податоци од сите осигурителни компании, тужениот орган на седница одржана на ден 2.10.2024 година, донел Заклучок за поведување на прекршочна постапка П.П.бр.09-18/33 кој со посебни дописи бил доставен до сите осигурителни компании со задолженија да ги достават потребните податоци. Истите ги доставиле бараните податоци по што тужениот орган на седница одржана на ден 26.02.2025 година донел Прелиминарно известување за утврдената фактичка состојба П.П.бр.09-48/1. Истото со посебни дописи е доставено до сите осигурителни компании кои се произнеле по истото.

Со допис П.П.бр.09-48/36 од 5.06.2025 година, тужениот орган побарал од Централниот регистар на РСМ доставување на биланс на успех за 2024 година за осигурителните друштва и со допис П.П.бр.09-48/37 од 9.06.2025 година, Централниот регистар на РСМ ги доставил бараните податоци. Согласно доставените податоци побарани со Заклучокот од 2.10.2024 година и дополнително прибавените податоци од Централниот регистар на РСМ, податоците за вкупните приходи на претпријатијата во 2024 година како последна деловна година за која имаат составено годишна сметка како и бројот на продадени полиси за осигурување од автомобилска одговорност за штети предизвикани на трети лица (АО) и остварените приходи од продажба на овој тип на осигурителни полиси (АО) во периодот на примена на

изменетите/ поскапени цени, бил составен табеларен преглед.

Потоа тужениот орган на седница одржана на ден 4.07.2025 година донел Конечно известување за утврдена фактичка состојба П.П.бр.09-48/38 во кое се наведени сите превземени активности, наоди, факти и докази во постапката врз основа на кои е донесено предметното известување.

Во известувањето е наведено дека по доставеното барање за постапување од страна на Министерството за финансии било утврдено дека на ден 26.04.2024 година бил одржан состанок на Комисијата за осигурување од автомобилска одговорност при Министрството за финансии на кој бил донесен Заклучок - Националното биро за осигурување до 29.04.2024 година да достави Известување за начинот на спроведената постапка за утврдување на новите цени на премијата за вршење на дејноста на осигурување согласно член 3 од Тарифата на премии за осигурување на сопствениците на моторни возила од одговорност за штети предизвикани на трети лица. На 29.04.2024 година бил одржан состанок на Комисијата за осигурување од автомобилска одговорност при Министерството за финансии при што биле донесени заклучоци: Комисијата за автоодговорност им укажала на друштвата за осигурување преку претставникот од Комисијата на Националното биро за осигурување и на претставникот од Агенцијата за супервизија на осигурувањето во текот на истиот ден да им предложат на друштвата за осигурување да ги стават во мирување Одлуките за зголемување на трошоците на дел од премијата за вршење на дејноста осигурување и да ги вратат на ниво од пред 25.04.2024 година и за тоа да ја известат Комисијата до 09 часот на 30.04.2024 година; Комисијата за осигурување од автомобилска одговорност побарала од Агенцијата за супервизија на осигурувањето да изготви аналоза за оправданоста и исправноста на донесените одлуки од страна на осигурителните компании во насока на заштита на крајните корисници, а со цел обезбедување на сеопфатна информација за донесување на објективна и транспарентна одлука; Комисијата за осигурување од автомобилска одговорност побарала од друштвата за осигурување преку Националното биро за осигурување да дадат свој придонес во изготвување на анализата и предлог заклучоци за промена на Тарифата на премии за осигурување на сопствениците на моторни возила од одговорност за штети предизвикани на трети лица и Комисијата одлучила во најскоро време по доставување на анализата од регулаторот односно Агенцијата за супервизија претставени преку Националното биро за осигурување да свикаседница и да ги разгледа доставените анализи и информации и да донесе соодветни заклучоци за надминување на проблемите.

На ден 30.04.2024 година бил одржан состанок на Комисијата за осигурување од автомобилска одговорност при Министерството за финансии на РСМ на кој биле

донесени заклучоци и тоа: Комисијата побарала од Агенцијата за супервизија на осигурувањето и Националното биро за осигурување до 2.05.2024 година да достават анализа за оправданоста и исправноста на донесените одлуки од страна на осигурителните компании во насока на заштита на крајните корисници, а со цел обезбедување на сеопфатна информација за донесување на објективна и транспарентна одлука базирана на конкретни параметри; На ден 2.05.2024 година бил донесен заклучок да Комисијата за осигурување од автомобилска одговорност јаусвои и одлучи да ја достави предлог тарифата за изменување и дополнување на премии за осигурување на сопствениците на моторни возила од одговорност за штети предизвикани на трети лица до Владата на РСМ на усвојување и на ден 7.05.2024 година од страна на Комисијата биле донесени Измени и дополнувања на Тарифата на премии за автоодговорност и истите се објавени во Службен весник на РСМ број 99/24.

Тужениот орган утврдил дека сега тужителите се меѓусебни конкуренти во нудење на осигурителниот производ - осигурување од автомобилска одговорност за штети предизвикани на трети лица и дека процесот на носењето и имплементација на одлуки за измена на одредена тарифа/цена на осигурување бара истовремен ангажман/координација од повеќе лица/сектори во секоја осигурителна компанија и дека веројатноста десет независни претпријатија да ја извршат оваа низа на координирани активности во исти или речисти исти временски периоди без претходна меѓусебна координација или размена на информации, е скоро невозможна. Ова е потврдено со редовната и интензивна електронска комуникација меѓу друштвата, непосредно пред донесување на одлуките, при што биле разменувани информации и координирани активности поврзани со процесот на покачување на тарифниот дел (режиски додаток).

Преку осмислена медиумска стратегија/медиумски план, со пласирање на информации/прилози во медиуми, стратегија за комуникација, претпријатијата имале намера да креираат перцепција во јавноста со која би се оправдале планираните покачени цени на осигурување од автоодговорност и би се ублажиле негативните реакции во јавноста за истото.

Правилно е утврдено дека сите десет осигурителни друштва по претходна меѓусебна комуникација и координација, во ист период донеле одлуки за измена/зголемување на делот на премијата за вршење дејност осигурување на сопствениците на моторнивозила од одговорност за штети предизвикани на трети лица-режиски додаток. Во период од три работни дена 18-22.2024 година, Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје-Виена Иншуренс Груп, ЕВРОИНС осигурување, Акционерско друштво за осигурување

ГРАВЕ НЕЖИВОТ Скопје, Национална групација за осигурување АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА - Скопје, САВА осигурување А.Д.Скопје, ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје, Друштво за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ А.Д Скопје, Акционерско друштво за осигурување ЕУРОЛИНК Скопје, КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ АД - Друштво за неживотно осигурување Скопје и Друштво за осигурување УНИКА А.Д. Скопје, како претпријатија кои вршеле осигурување на сопственици на моторни возила од одговорност за штети предизвикани на трети лица, донеле одлуки за измена/зголемување на оваа стапка.

Датумите на носењето на одлуки и износите на стапките за делот на премијата за вршење дејност осигурување на сопствениците на моторни возила од одговорност за штети предизвикани на трети лица - режиски додаток, зголемените стапки како и повторно намалените стапки се прикажани во табеларниот преглед на страна 18 од оспорената одлука.

Правилно утврдил тужениот орган дека донесувањето на идентични одлуки за зголемувањена ист ценовен елемент (режиски додаток) во ист период и со сличен интензитет, претставува индикатор за претходна координација и усогласеност во смисла на член 5 став 1 алинеа 12 од Законот за заштита на конкуренција. Редовната електронска комуникација и размена на информации непосредно пред и за време на перидот на донесување на одлуките, укажува на индиректни контакти со кои се најавувало идното пазарно однесување. Ова е евидентно посебно од прибавената документација/комуникација при вршењето увид на лице место во Друштво за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ А.Д. Скопје и Друштво за осигурување УНИКА А.Д. Скопје односно електронската комуникација која се одвивала меѓу одговорните лица во претпријатијата во периодот пред носењеото на одлуките за нови/зголемени цени/тарифи (односно на периодот пред 25.04.2024 година.) Утврдената комуникација содржи елементи на координација за идно пазарно однесување, однапред споделување на ставови, усогласување на пристапот кон јавноста и медиумски план поврзан со најавеното покачување на режискиот додаток. Овие контакти член 5 став 1 алинеа 12 од Законот за заштита на конкуренција, претставуваат индиректни контакти се цел да се влијае врз идното однесување на конкурентите, односно да им се најави нивната намера за измена на цената, што е суштински елемент на усогласеното однесување. Фактот што одлуките на сите десет претпријатија биле донесени во исклучително краток период, веднаш по интензивната комуникација, го потврдува фактот дека оваа размена на информации имала за цел координација на одлуките за измена на цената, што го исполнува критериумот за ограничување „со цел“ согласно член 7 став 1 точка 1 од Законот. Истото укажува дека претпријатијата не дејствувале независно, туку ја замениле пазарната неизвесност со практична соработка, што претставува повреда на конкуренцијата.

Оценувајки ја законитоста на оспореното решение, Управниот суд најде дека истото е правилно и законито и дека не е повреден законот на штета на тужителите.

Согласно член 5 став 1 алинеа 10 од Законот за заштита на конкуренцијата договори и одлуки се правни дела со кои се уредуваат прашања што се однесуваат на условите на работењето, ачија што цел или последица е нарушување на конкуренцијата. Ова се однесува и на поединечните одредби на договорите и одлуките, кои може да бидат изречни или премолчни.

Согласно член 5 став 1 алинеа 11 од Законот за заштита на конкуренцијата, картели се договори и одлуки и/или усогласено однесување помеѓу две или повеќе претпријатија чија цел е координирање на нивното однесување како конкуренти на пазарот и/или влиаење на релевантните параметри на конкуренцијата, особено преку фиксирање на куповни или продажни цени или други услови на тргување, ограничување на производство или воспоставување продажни квоти, поделба на пазари, договарање при учество на тендери, ограничување на увоз или извоз и/или анти-конкурентско однесување насочено према други претпријатија-конкуренти на учесниците во картелот.

Согласно член 5 став 1 алинеа 12 од Законот за заштита на конкуренцијата, усогласено однесување е координирање на однесувањето помеѓу две или повеќе претпријатија како резултат на што, и без склучување на договор, доаѓа до намерно заменување на состојбата на непречена конкуренција на релевантниот пазар со состојба на практична соработка помеѓу претпријатијата. До усогласено однесување може да дојде како резултат на директни или индиректни контакти помеѓу претпријатијата чија што цел или последица е да се влијае на однесувањето на релевантиниот пазар или да им се најави идното пазарно однесување на конкурентите.

Член 7 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата, забранети се сите договори склучени меѓу претпријатија, одлуките на здруженијата на претпријатија и усогласеното однесување чија цел или последица е нарушување на конкуренцијата а особено кои 1) директно или индиректно ги фиксираат куповните или продажните цени или некои други услови за тргување; 2) го ограничуваат или контролираат производството, пазарот, техничкиот развој или инвестициите; 3) го делат пазарот или изворите на снабдување; 4) применуваат различни услови за исти или слични правни работи со други трговски партнери, со што ги ставаат во понеповолн аконкурентска позиција или 5) го условуваат склучувањето на договорите со прифаќање од другите договорни страни дополнителни обврски, што по својата природа или согласно со

трговските обичаи не се во врска со предметот на договорот. Согласно став 2 од истиот член, договорите и одлуките или поединечните одредби од истите, кои се забранети согласно ставот 1 од овој член, се ништовни. Согласно став 3, одредбите од став 1 од овој член нема да се применуваат на договор, одлуки на здруженија на претпријатија и усогласено однесување што придонесуваат за унапредување на производство или дистрибуција на стоките или услугите или промовирање на техничкиот или економскиот развој, под услов од тоа да имаат сразмерна корист и потрошувачите, а кои што: 1) не им наметнуваат на засегнатите претпријатија ограничувања кои што не се неопходни за постигнување на тие цели и 2) да не им овозможуваат на тие претпријатија елиминирање на конкуренцијата во значителен обем за стоките или услугите кои се во прашање. Согласно став 4, по исклучок и кога е тоа потребно заради заштита на јавниот интерес при примена на член 7 од овој закон, Комисијата за заштита на конкуренцијата може по службена должност, со решение да утврди дека овој член не се применува врз определен договор, одлука на здружение или усогласено однесување, бидејки не се исполнети условите од член 7 став 1 или се исполнети условите од член 7 став 3 од законот.

Критериумите за утврдување на постоење на договор, одлука или усогласено однесување во смисла на член 7 став (1) од Законот се значително поширoки од критериумите што важат за договорите во смисла на Законот за облигационите односи. Имено, во правото на конкуренцијата, „Договор" помеѓу конкуренти постои и без формален договор, писмен акт, потписи или било каква формална структура. Доволно е конкурентите да размениле чувствителни деловни информации, да іа изразиле својата заедничка намера за однесување на пазарот или фактички да го усогласиле своето однесување преку паралелни и координирани одлуки со кои се ограничува или постои веројатност да се ограничи нивното индивидуално однесување на пазарот. За постоење на повреда на член 7 од Законот доволно е претпријатијата да изразат заедничка намера да се однесуваат на пазарот на одреден начин без оглед на тоа дали намерите се материјализирани или дали произвеле конкретен ефект на пазарот.

Согласно член 59 од Законот за заштита на конкуренцијата, Комисијата за одлучување по прекршок, на претпријатието, односно здружението на претпријатија, со решение ќе му изрече глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година, изразена во апсолутен и номинален износ за која претпријатието или здружението на претпријатија има составена годишна сметка ако:1) склучи забранет договор или на друг начин учествува во договор, одлука или усогласено однесување со кои се нарушува конкуренцијата во смисла на член 7 од овојзакон; 2) стори злоупотреба на доминантна позиција во смисла на член 11 од овој закон; 3) не постапи по решение на Комисијата за заштита

на конкуренцијата од член 51 од овој закон; 4) не постапи по решение на Комисијата за заштита на конкуренцијата од член 52 од овој закон.

Согласно член 64 став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, при одмерување на глобата во предвид се земаат: 1) тежината на прекршокот; 2) времетраењето на прекршокот и 3) степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани со прекршокот. Согласно став 2) Комисијата за одлучување по прекршок, при одмерување на глобата, најпрво определува основен износ на глобата, а потоа истиот го прилагодува, земајќи ги предвид олеснителните или отежнителните околности. (3) Основниот износ на глобата по правило изнесува најмногу до 30% од приходот на сторителот на прекршокот остварен од дејноста која се врши на релевантниот пазар на кој е сторен прекршокот во последната целосна деловна година во која сторителот на прекршокот учествувал во истиот. Вака определениот износ се множи со бројот на годините во кои траел прекршокот.(4) Износот определен во согласност со ставот (3) на овој член се прилагодува со земање предвид на олеснителни или отежнителни околности, како резултат на што истиот може да биде намален или зголемен. Согласно став 5 од законот, олеснителни околности кои се земаат предвид при одмерувањето на глобата особено, ако: 1) сторителот на прекршокот доставил доказ дека ги прекинал дејствијата кои претставуваат прекршок во моментот кога Комисијата за одлучување по прекршок повела прекршочна постапка, со исклучок кога се работи за прекршок од членот 7 став (1) точка 1 на овој закон; 2) сторителот на прекршокот доставил доказ дека неговата вклученост во прекршокот е минимална и докаже дека за периодот кога бил учесник во забранет договор, всушност ја избегнувал неговата примена однесувајќи се конкурентски на релевантиот пазар и 3) сторителот на прекршокот ефективно соработувал со Комисијата за заштита на конкуренцијата или Комисијата за одлучување по прекршок, независно од примената на членот 65 од овој закон (leniency). Согласно став 6 од законот, отежнителни околности кои се земаат предвид при одмерувањето на глобата особено, ако: 1) Комисијата за одлучување по прекршок утврдила дека е сторен прекршок предвиден со одредбите од овој закон, а сторителот на прекршокот продолжува да го врши прекршокот или повторува ист или сличен прекршок. Во овој случај, основниот износ од ставот (2) на овој член може да се зголеми до 100% за секој таков утврден прекршок; 2) сторителот на прекршокот одбивал да соработува или ја попречувал Комисијата за заштита на конкуренцијата или Комисијата за одлучување по прекршок во спроведувањето на постапката и 3) сторителот на прекршокот имал улога на водач или поттикнувач на прекршокот. Комисијата за одлучување по прекршок особено зема предвид дали сторителот на прекршокот преземал дејствија насочени кон поттикнување на други претпријатија да земат учество во прекршокот и/или преземал какви било мерки на одмазда против други претпријатија со цел да ги присили на преземање дејствија кои претставуваат

прекршок. Согласно став 7 од Законот, Комисијата за одлучување по прекршок може да му го зголеми основниот износ на глобата на сторител на прекршок кој има особено големи приходи кои произлегуваат и од други дејности, а не само од дејноста која се врши на релевантниот пазар на кој е сторен прекршокот, заради постигнување на одвратувачки ефект на глобата. (8) Комисијата за одлучување по прекршок може да го зголеми основниот износ на глобата на сторител на прекршок со цел за глобата да го надмине износот поврзан со неоснованото збогатување кое настанало како последица од прекршокот, доколку е можно тој износ да биде пресметан. 9) Комисијата за одлучување по прекршок може, по барање на сторителот на прекршок, а при одмерувањето на глобата, да ја земе предвид неговата платежна неспособност, во посебен социјален и економски контекст. До намалување на глобата од оваа причина не може да дојде доколку се работи за финансиски загуби на сторителот на прекршокот, сторени со цел за избегнување на плаќање на глоба. До намалување на глобата може да дојде единствено доколку сторителот приложи доказ дека глобата одмерена согласно со одредбите од овој член би ја загрозила економската способност на сторителот и би предизвикала неговиот имот да ја изгуби својата вредност.

Управниот суд ги ценеше тужбените наводи поединечно наведени во секоја од тужбите и истите ги оцени како неосновани.

По наоѓање на Управниот суд оспореното решение е донесено врз основа на целосно и правилно утврдена фактичка состојба на која правилно е применето материјалното право и правилно е определена глобата на секој од тужителите пооделно.

Тужбените наводи дека за повреда на член 6 од Европската конвенција за човекови права како и дека на тужителите им било повредено правото на усна расправа и правото да биде сослушани, се неосновани.

Согласно член 44 од ЗЗК, КОП ќе определи одржување на усна расправа ако тоа е потребно за утврдување на фактичката состојба, но Законот не предвидува задолжително одржување на усна расправа. Во текот на постапката пред КОП, на тужителите им било овозможено целосно остварување на правото на изјаснување согласно член 9 и 11 од Законот за општата управна постапка, преку доставување писмени произнесувања, аргументи и докази по сите релевантни факти и правни прашања. Со ова, во целост се исполнети стандардите на член 6 од Европската конвенција за човекови права, како и начелата на еднаквост на странките, контрадикторност и ефикасност на постапката. Член 6 од Европската конвенција за човекови права не „гарантира" задолжително одржување усна расправа, особено „не", во секоја управна или прекршочна постапка, кога постапката се води пред

регулаторен орган и кога е обезбедена целосна и ефективна судска контрола врз донесеното решение и кога тужителите имале можност да се произнесат писмено по сите релевантни факти и докази. Тужителите имале можност да ги изнесат своите ставови писмено и да ги коментираат сите факти/докази на КОП. На истите им биле доставени заклучоци за поведување прекршочна постапка, прелиминарно известување за утврдената фактичка состојба, како и конечно известување за утврдената фактичка состојба, по кои тужителите доставиле писмени изјаснувања, забелешки и поднесоци, кои тужениот орган ги оценил при донесување на решението.

Неосновани се тужбените наводи дека погрешно било утврдено дека се работи за ограничување на конкуренцијата „по цел" и не биле утврдени карактеристиките на релевантниот пазар.

Согласно член 7 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата, договорите и усогласеното однесување меѓу конкуренти кои се однесуваат на цени или елементи на цената претставуваат ограничување на конкуренцијата по своја цел без потреба од дополнително утврдување на конкретни пазарни ефекти. Во конкретниот случај, КОП утврдила дека тужителот и останатите осигурителни друштва, како директни конкуренти, по претходна комуникација и координација донеле усогласени одлуки за зголемување на дел од премијата (режискиот додаток), што претставува директна интервенција во ценовниот механизам на пазарот. Ваквото однесување по својата природа е способно да ја наруши конкуренцијата и затоа правилна е квалификацијата на КОП дека се работи за ограничување „по цел", без оглед на неговото времетраење или интензитет.

Тужениот орган го идентификувал релевантниот пазар како пазар на задолжително осигурување од автомобилска одговорност за штети предизвикани на трети лица на територијата на Република Северна Македонија, на кој тужителите настапуваат како директни конкуренти. При утврдување на ограничување на конкуренцијата „по цел", детална економска анализа на пазарната структура, пазарните удели и ефектите врз конкуренцијата не е неопходна, бидејќи антиконкурентната цел произлегува директно од природата на усогласеното однесување. Дефинирањето на релевантниот пазар е потребно само ако се врши анализа на ефекти, се определува пазарна моќ или се разгледува изземањето согласно член 7 став (3) од ЗЗК.

Неосновани се тужбените наводи за непостоење на картел, односно дека не може да постои забрането усогласено однесување доколку претпријатието ги донесува своите одлуки самостојно и врз основа на сопствена анализа, при што само го следи однесувањето на конкурентите. Согласно член 7 став (1) од Законот за

заштита на конкуренцијата, усогласено однесување постои и тогаш кога, без формално склучување на договор, претпријатијата свесно ја заменуваат независната деловна политика со практична соработка, преку директна или индиректна размена на чувствителни информации или координација на пазарното однесување. Во конкретниот случај, тужениот орган не го утврдил постоењето на забрането однесување само врз основа на паралелно однесување на пазарот, туку врз основа на докажана претходна комуникација и координација помеѓу осигурителните друштва, по што следело усогласено донесување на одлуки за зголемување на ист елемент од цената, во идентичен временски период. Утврдената комуникација и координација помеѓу осигурителните друштва ја исклучува претпоставката за независно однесување.

Основното правило на слободната конкуренција е учесниците на пазарот самостојно и независно едни од други да ги носат одлуките за своето однесување на пазарот и самостојно да го сносат ризикот за успехот, односно неуспехот од таквото однесување. Договори, одлуки, односно усогласено однесување има за цел нарушување на конкуренцијата.

Тужбените наводи дека не биле земени во предвид произнесувањата на тужителите дека за целиот период од 2008 до 2024 година цената на осигурувањето од автомобилска одговорност била иста и дека по извршена сопствена анализа на трошоците и резултатите од работењето на тужителите, имајќи го во предвид порастот на цените на автомобилите, вклучително и деловите за автообилите, одлучиле да се направи промена на процентот во делот на премијата за вршење дејност на осигурување на сопствениците на моторни возила од одговорност предизвикани на трети лица се неосновани. Фактот дека одделните претпријатија формално донеле сопствени одлуки, сам по себе не исклучува постоење на усогласено однесување во смисла на член 7 од ЗЗК. Усогласена практика може да постои и тогаш кога секое претпријатие ја задржува формалната автономија во донесувањето на своите одлуки, доколку тие одлуки се донесени по претходна комуникација и размена на чувствителни информации со конкуренти.

Неосновани се наводите дека разликите во промилите и различните датуми на носење и примена на одлуките ја исклучуваат забранетата координација бидејќи во оспореното решение е образложено дека усогласувањето се однесувало на клучниот параметар на конкуренцијата – напуштање на дотогаш единствената стапка од 30% и насока за нејзино зголемување, при што минималните разлики во процентите и фазната примена не ја менуваат суштината на усогласеното однесување, туку претставуваат вообичаена форма на прикривање на координацијата. Во таа насока, табеларниот приказ на стр. 18 од решението не оди во прилог на тужителите, туку

УПРК.бр.44/2025
УПРК.бр.45/2025
УПРК.бр.46/2025
УПРК.бр.47/2025
УПРК.бр.48/2025
УПРК.бр.49/2025
УПРК.бр.52/2025
УПРК.бр.53/2025
УПРК.бр.54/2025
УПРК.бр.56/2025



Согласно член 86 став 3 од Законот за управни спорови, доколу судот ја одбие или отфрли тужбата или, пак, постапката се запре, секоја странка ги сноси своите трошоци по постапката, поради што Судот одлучи како во изреката на решението.

ОДЛУЧЕНО ВО УПРАВЕН СУД на ден 20.04.2026 година под УПРК.бр.44/2025, УПРК.бр.45/2025, УПРК.бр.46/2025, УПРК.бр.47/2025, УПРК.бр.48/2025, УПРК.бр.49/2025, УПРК.бр.52/2025, УПРК.бр.53/2025, УПРК.бр.54/2025 и УПРК.бр.56/2025.

Претседател на совет - Судија
Габријела Михајловска

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука е дозволена жалба во рок од 15 дена од денот на доставувањето на истата, преку овој суд до Вишиот управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжуваат тужителите да платат солидарно судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од правни лица банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2 . Доколку судската такса не биде платена во оставениот рок, Судот кон наплата на истата ќе пристапи по присилен пат преку Управата за јавни приходи, зголемена за 50%.

Одлуката да се достави на:
- тужителите - пономошници
- тужениот орган

Претседател на совет - Судија
Габријела Михајловска